# КРИТИКИ И ПРИКАЗИ

## LEKSIKON NARODNOOSLOBODILAČKOG RATA I REVOLUCIJE U JUGOSLAVIJI 1941—1945.

JRO, Narodna knjiga" Beograd, JRO „Partizanska knjiga „Ljubljana, OOUR Izdavačko publicistička delatnost Beograd Beograd, 1980, Prva knjiga A — Lj, str. I—XVII 1—625; Druga knjiga M — Ž, str. I—XIII 627—1254, format: 21 X 29.

Деновиве во издание на JRO „Narodna knjiga" Beograd, JRO „Partizanska knjiga" Ljubljana, OOUR Izdavačko publicistička delatnost Beograd излезе од печат многу значајниот општојугословенски труд „LEKSIKON NARODNOOSLOBODILAČKOG RATA I REVOLUCIJE U JUGOSLAVIJI 1941—1945" во две книги со вкупно 1254 страници. Особено нè радува фактот што оваа корисна публикација излегува од печат токму во годината, кога ја прославуваме 40-годишнината од почетокот на Народноослободителната војна и социјалистичката револуција во Југославија. По својата концепција овој труд претставува единствено стручно-научно и информативно дело во кое се прикажани појави, настани и работата на извесен број луѓе, пред сè за периодот на Народноослободителната војна во Југославија, а деулмно и во светот. Во обработувањето на оваа обемна и значајна публикација, која содржи 3712 појми и информации, од кои 242 за Македонија, се вклучени 70 автори и 37 соработници од сите републики и покраини. Од Македонија учествуваа 5 познати и признати научни работници. Процесот на прибирањето на материјалот, обработката и дефинитивното оформување на низот прилози, што претставува составен дел на публикацијата, траел осум години, со поизразита континуирана и интензивна подготовка на Лексиконот во последниве две години. Иако оваа публикација поседува главно својства на лексикон, по методот на обработката на извесен број прашања од историјата на НОВ и револуцијата, по обемот и вредноста на илустративниот материјал и научната вредност на написите од областа на правото, социологијата етиката и воената наука, овој труд претставува мала енциклопедија за НОВ и револуцијата на Југославија.

Најглавна содржина на Лексиконот ја сочинуваат прегледите на НОВ и револуцијата во областите, покраините, автономните покраини, републиките и во Југо-

славија во целост, прегледите на историјата на КПЈ, СКОЈ, УСАОЈ, АФЖ и ЈНОФ во Федерацијата, републиките и покраините, како и општите написи за вооружените сили, народната власт, културата, стопанството, пропагандите, националното прашање и други. Во општите историографски написи на специфичен начен е даден преглд на војната и револуцијата што ја водеа народите и народностите на Југославија. Прегледите на НОВ и револуцијата во покраините и републиките и прегледот на НОВ и револуцијата во Југославија имаат поопшт карактер и значење. Авторите настојуваат рамноправно да ги изразат сите компоненти на водењето на борбата и дејностите за изградбата на новата држава. Многу нашироко се претставени општествено-политичките организации, меѓутоа, тие повеќе претставуваат прегледи на нивниот организационен развој и показатели на некои најопшти податоци, отколку анализи на нивната политика и стратегија. Информативните прегледи за НОВ во градовите, местата и реоните, ќе можат корисно да послужат како дополнување на прегледите на НОВ и револуцијата во пошироките општествено-политички заедници. Статиите со научен карактер од обласка на правото, социологијата, етиката и воените науки, претставуваат пред сè научно или стручно дифинирање и објаснување на низа категории, прашања и појми, а многу малку дотакнуваат определени искуства, придонеси и решенија остварени во текот на НОВ и револуцијата.

Во публикацијата направен е обид да се дефинира карактерот на револуционерно-демократската власт на Народноослободителното движење во Југославија, како посебен вид на диктатурата на пролетаријатот. Исцрпно се обработени настанувањето и работата на народноослободителните одбори, односно народната власт во целост.

За вооружените сили на НОД на Југославија има поголем број написи од општ карактер. Преку нив се дава можност да се согледа изградувањето и улогата на вооружените сили во Југославија, посебно во републиките и автономните покраини и интернационалниот карактер на НОД и НОВЈ. Голем број написи, иако со пократка содржина, се посветени на одредите, групите на одреди, оперативните штабови и зоните. Меѓутоа, порадитоа што не постојат верифицирани податоци, историјатот на сите одреди во Лексиконот не е потполн. Територијалната компонента на вооружените сили на НОД е релативно добро претставена. Во Лексиконот нашле свое место написите за сите досега познати оперативни единици — бригади, дивизии, корпуси, армии и други крупни формации, кои даваат општ пресек на нивниот организационо-формацискиот состав, учеството во најзначајните операции и во другите борби. Со посебни написи се застапени и придружниот баталјон на ВШ, работничкиот баталјон на Ужичкиот одред, Похорскиот баталјон и др., а исто така и сите баталјони кои им претходеле на формирањето на бригадите во Македонија. Во Лексиконот се обележани во посебни написи сите воени операции и низа воени потфати на НОД и ДВЈ, НОВЈ и ЈА.

Во Лексиконот со одделни написи се застапени и непријателските сили, армиите и поголемите воени формации на окупаторите што дејствувале во Југославија. Покрај тоа, дадени се податоци за разни воени и други институции и организации на непријателот за борба против НОД, препуштајќи им на читателите да стекнат определен увид во спроведуваната политика на окупаторот во Југославија. Со покуси написи за состојбата во најважните граѓански партии кои постоеле и делувале во кралството Југославија, како и написите за бегалската влада на кралството Југославија, се надополнува претставата за фронтот на непријателот и реакцијата.

По пат на селекција се презентирани и написи за најважните настани како што се големите битки, конференциите и слично од Втората светска војна и движењето на отпорот во сите земји на Европа и Азија. Во неколку посебни написи се третираат врските и соработката на НОД на Југославија со големите сојузнички држави и со движењето на отпорот во Албанија, Бугарија Грција и Италија.

Составен дел на Лексиконот претставуваат и 941 биографија со најбитните податоци од животот и работата на истакнатите личности од Југославија и светот. И во овој поглед Македонија е соодветна и пропорционално застапена со 91 биографија на истакнати нејзини синови и ќерки.

Лексиконот е богато илустриран со голем број фотографии, шеми, карти, табели и слично, кои му овозможуваат на читателот и по визуелен пат да си ги збогатат сознанијата за одделни настани и личности од НОВ и револуцијата на Југославија.

Лексиконот претставува прва посебна публикација од ваков вид за НОВ и револуцијата на Југославија. Напишана на концизен начин и со енциклопедиски стил, дава можност на секој оној што има потреба и желба за тоа, за кратко време да се запознае со најбитните податоци и карактеристика за одделни настани и личности, кои директно или индиректно беа вклучени во НОВ и револуцијата на Југославија. Тој по својата содржина претставува солидна публикација, која многу корисно може да им служи на сите оние што сакаат да се запознаат или да ги обогатат своите сознанија за историјатот на Народноослободителната војна и социјалистичката револуција на Југославија, затоа со особено задоволство се препорачува.

М. Ј.

## ЕГЕЈСКА МАКЕДОНИЈА ВО НОБ 1948 АРХИВ НА МАКЕДОНИЈА СКОПЈЕ 1981, СТР. LIV + 418

Во издание на Архивот на Македонија во рамките на серијата „документи за историјата на македонскиот народ" се појави петтиот том на „Документите за учеството на македонскиот народ до егејскиот дел на Македонија во граѓанската војна во Грција